ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 19	01.02.2023 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, ФЕВРУАРИ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год.

Се прогласува Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/1
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 21 став 43 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), и Известувањето од Министерство за финансии, Сектор за буџет и фондови со архивски број:08-1/541-1-2022 од 17.01.2023 Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год. донесе

О Д Л У К А

За изменување и дополнување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година

Член 1

Во Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.05-2056/3 од 26.12.2022 год.(„Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.18/2022) во член 1 од фискалната табела во Општиот дел во делот „прилив се прикажува износ од 2.500.000 денари„.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр.08-183/3
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год.

Се прогласува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/2
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002) член 91 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), и Известувањето од Министерство за финансии, Сектор за буџет и фондови со архивски број:08-1/541-1-2022 од 17.01.2023 Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год. донесе

О Д Л У К А

За изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година

Член 1

Во Одлуката за усвојување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-2056/4 од 26.12.2022 год.(„Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.18/2022) во Преамбулата по бројот:„209/18„се додаваат зборовите„ и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22)„.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр.08-183/4
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год.

Се прогласува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/3
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.„ бр.5/2002), член 91 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03) и Известувањето од Министерство за финансии,Сектор за буџет и фондови со архивски број:08-1/541-1-2022 од 17.01.2023 Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год. донесе

О Д Л У К А

За изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-2056/5 од 26.12.2022 год. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.18/2022) во Преамбулата по бројот :„167/16, и сврзникот „и„ се додаваат зборовите: „Службен весник на Република Северна Македонија„.

Член 2

Во член 9 став 1 алинеја 1 се менува и гласи:

„Коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон и изнесува 2,9, а основицата на која се пресметува изнесува 26.755 ден. „

Член 3

Во член 13 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот изнесува 40% од просечната месечно нето плата во Републиката исплатена за претходната година„.

Ставовите 2, 3, 4 и 5 стануваат ставови 3, 4, 5 и 6„

Член 4

Во членот 15 став 1 зборовите:„други надоместоци„ се заменуваат со зборовите: „надомест за годишен одмор„

Ставот 2 се менува и гласи:

„Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 9.000 ден. нето, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот„.

Член 5

Во член 19 став 1 зборот: „Н2„се брише.

Член 6

Во член 22 ставот 1 се брише.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник„ на Општина Јегуновце.

Бр.08-183/5
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год.

Се прогласува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/4
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

8.-

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општината Јегуновце„ бр.21/03), и Известувањето од Министерство за финансии, Сектор за буџет и фондови со архивски број: 08-1/541-1-2022 од 17.01.2023 Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год. донесе

О Д Л У К А

За изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на Планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година

Член 1

Во Одлуката за одобрување на Планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година, бр.08-1798/7 од 03.11.2022 год. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.16/2022) во Преамбулата по бројот:„156/09„се додаваат зборовите„ и „95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.151/21)„.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен глсник„ на Општина Јегуновце.

Бр.08-183/6
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за IV квартал за 2022 год

Се прогласува Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за IV квартал за 2022 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/5
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

10.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весникна РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год. донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за IV квартал за 2022 г.

1. Се усвојува финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за IV квартал за 2022 г.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-183/7
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Програмата за работа на Советот на Општина Јегуновце за 2023 год.

Се прогласува Програмата за работа на Советот на Општина Јегуновце за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/6
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/ 2002), член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Јегуновце ("Службен гласник на Општина Јегуновце" бр21/03), Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год. донесе

П Р О Г Р А М А

За работа на Советот на Општина Јегуновце за 2023 год.

I.Материјали од извор на надлежност на општината

1. Програма за работа на Советот на општина Јегуновце за 2023 год.
2. Завршна сметка на Буџетот на општина Јегуновце за 2022 г.
3. Програма за изградба на општински патишта и улици за 2023 год.
4. Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г. -Ребаланс.
5. Одлука за изменување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г.
6. Финансиски извештаи за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за IV 2022 г. и за I, II и III квартал за 2023 год.
7. Оперативен план за зимско одржување на општинската патна мрежа по населени места во Општина Јегуновце за 2023 год.
8. Годишни програми за работа на основните училишта на територија на Општина Јегуновце за учебната 2023/2024 г.
9. Годишни извештаи за работа на основните училишта на територија на Општина Јегуновце за учебната 2022/2023 г.
10. Буџет на општина Јегуновце за 2024 г.
11. Усвојување на програми за работа, финансиски извештаи и завршни сметки на јавни служби, јавни претпријатија и друштва основани од општината за 2022 год.

II. развојно плански документи

1. Одлука за финансирање на проекти, развојни документи и други потреби од развојот на општината и од интерес на граѓаните.

III. Прашања кои се разгледуваат по потреба
IV. Работа на работни тела на Советот
V. Други активности

ПРОГРАМА

За работа на Советот на општина Јегуновце за 2023 година

1.Советот на Општина Јегуновце во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 год. својата работа ќе ја насочи кон остварување на изворните надлежности утврдени во Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Јегуновце но и Закони кои ја регулираат материјата од областа на локалната самоуправа.

Покрај пршањата од изворна надлежност Советот на опшштина Јегуновце ќе разгледува и прашања кои ќе произлезат од меѓусебната соработка со државните органи, а кои се актуелни и од особена важност за општина Јегуновце.

2.На седниците на Советот ќе се разгледаат следниве материјали:

I. Материјали од изворна надлежност на општината

1. Програма за работа на Советот на општина Јегуновце за 2023 год.
   Предлагач: Претседателот на Совет
   Изготвувач: Општинска администрација
   Рок: Јануар-Февруар.

2. Завршна сметка на Буџетот на општина Јегуновце за 2022 г.
   Предлагач: Градоначалникот
   Изготвувач: Одделение за финансиски прашања
   Рок: Февруари-Март 2023 година

3. Програма за изградба на општински патишта и улици за 2023 год.
   Предлагач: Градоначалник
   Изготвувач: Општинска администрација
   Рок: февруари -Мај 2023 год.

4. Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г. -Ребаланс.
   Предлагач: Ком. за финансирање, Буџет и Лер
   Изготвувач: Одделение за финансиски прашања
   Рок: По потреба

5. Одлука за изменување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г.
   Предлагач: Ком. за финансирање, Буџет и Лер
   Изготвувач: Одделение за финансиски прашања
   Рок: По потреба

6. Буџетски календар на Општина Јегуновце за 2024 г.
   Предлагач: Ком. за финансирање, Буџет и Лер
   Изготвувач: Одделение за финансиски прашања
   Рок: Јуни - Август 2023 г.

7. Финансиски извештаи за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г. за I, II и III квартал.
   Предлагач: Ком. за финансирање, Буџет и Лер
   Изготвувач: Одделение за финансиски прашања
   Рок: Април-Јули-Октомври 2023 год.

8. Оперативен план за зимско одржување на општинската патна мрежа по населени места во Општина Јегуновце.
   Предлагач: Градоначалник
   Изготвувач: Општинска администрација
   Рок: Септември-Октомври 2023 год.

9. Годишни програми за работа на основните училишта на територија на Општина Јегуновце за учебната 2023/2024 г.
   Предлагач: Комисија за општествени дејности
   Изготвувач: Основните училишта
   Рок: Август 2023 год.

10. Годишни извештаи за работа на основните училишта на територија на Општина Јегуновце за учебната 2022/2023 г.
    Предлагач: Комисија за општествени дејности
    Изготвувач: Основните училишта
    Рок: Август 2023 год.

11. Буџет на општина Јегуновце за 2024 г.
    Предлагач: Градоначалник
    Изготвувач:Одд. за финансиски прашања
    Рок: Декември 2023 год.

II. Развојно-плански документи

1. Одлука за финансирање на проекти, развојни документи и други потреби од развојот на општината и интерес на граѓаните
   Предлагач: Градоначалник
   Изготвувач: Општинска администрација
   Рок: По потреба и отценка на Градоначалникот и другите органи на општината.

III. Прашања кои се разгледуваат по потреба

1. Информации во врска со уличното осветлување;
2. Извештаи во врска со поплави и пожари;
3. Донесување на урбанистички планови за населените места, за дел од населени места или измени на Генералниот урбанистички план,деталните урбанистички планови и урбанистичка документација за населените места;
4. Информации во зависност од актуелноста од одреден проблем за негово решавање.

IV. Работа на работни тела на Советот

Постојани работни тела на Советот на општината

- Комисија за мандатни прашања избори и именувања;
- Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР;
- Комисија за Статут и прописи;
- Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;
- Комисија за општествени дејности;
- Комисија за односи меѓу заедниците;
- Комисија за еднакви можности;

Своите активности и задачи ќе ги извршуваат во согласност со Предвидените овластувања со Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот секој во својата област како претходна разработка на седничките и други материјали за потребите на Советот односно другите органи.

V.Други активности

Советот на општина Јегуновце, Градоначалникот и комисиите во текот на 2022 год. ќе превземаат мерки и активности и по други актуелни прашања во зависност од нивната актуелност и потреба.

НАПОМЕНА: Роковите предвидени во оваа Програма за нејзино извршување, можат да се менуваат по потреба од актуелноста од одреден проблем за решавање,по оценка на Градоначалникот, Советот на Општината и Комисиите и можат да се програмираат и други активности во зависност од актуелната потреба.

Бр.08-183/8
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Критериумите за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во општина Јегуновце за 2023 год.

Се прогласува Критериумите за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во општина Јегуновце за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/7
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ,,бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16... и „Сл.весник на РСМ бр.96/19 и 151/21) и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ,, бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ,,бр.5/02), Советот на општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год., ги утврди минималните цени на земјоделско и градежно земјиште утврдени врз основа на постигнатите цени на промет во 2022 год.кои ќе се користат за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во општина Јегуновце и зоните за населените места кои припаѓаат во Општина Јегуновце

К Р И Т Е Р И У М И
За утврдување на пазрана вредност на недвижен имот во општина Јегуновце за 2023

Член 1

А. ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

Кат. класа	КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ	
	нива, градина овошна градина цена ден/м2	ливада, лозје, шума, пасишта и друго цена ден/м2
1	200	130
2	180	120
3	160	110
4	140	100
5	120	90
6	100	80
7	90	70
8	80	60

Б. ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ	Градежно земјиште цена ден/м^2
Јегуновце, Вратница, Подбреѓе и Копанце	900
Жилче, Сиричино, Шемшово, Прељубиште, Јанчиште,Старо Село,Орашје, Туденце, Ратае,Јажинце Раотинце и Рогачево	850
Беловиште	800

КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ	НАСЕЛЕНИ МЕСТА
	Јегуновце,Вратница,Жилче,Шемшово Прељубиште,Ратае,Сиричино,Јанчиште, Копанце,Беловиште,Подбреѓе,Ротинце, Туденце,Јажинце,Орашје,Рогачево и Старо Село

В.УТВРДЕНИ ЗОНИ

Утврдена зона	одговара на зоната од методологијата	Бодови
1-ва зона	XV ЗОНА	40

Утврдена зона	НАСЕЛЕНИ МЕСТА
1-ва зона	Јегуновце, Вратница,Жилче,Шемшово,Прељубиште, Ратае, Сиричино,Јанчиште,Копанце, Беловиште,Подбреѓе,Ротинце,Туденце, Јажинце,Орашје,Рогачево и Старо Село

Член 2

Пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данок на имот.

Член 3

Пазарната вредност на градежното земјиште се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето.

Член 4

Даночната основа за данок на промет на недвижен имот, Даночната основица за данок на промет по договор за доживотна издршка и даночната основица за данок на наследство и подарок помеѓу наследниците од прв и втор наследен ред се намалува за 50% од утврдениот износ.

Член 5

Пазарната вредност на недвижниот имот како вредност на имотот која може да се постигне во слободниот промет во моментот на настанување на даночната обврска се утврдува за следните видови недвижен имот и тоа за:

1. Згради

а) станбени згради и станови (подруми, балкони, лоѓии и тераси),

б) деловни згради и деловни простории,

в) административни згради и административни простории, и

г) згради и станови за одмори и рекреација.

2. Земјишта
а) земјоделско,
б) градежно,
в) шуми,и
г) пасишта.

3. Други градежни објекти
а) гаражи,
б) помошни објекти (амбари, штали, плевни, шупи) и
в) друг недвижен имот

Член 6

Пазарната вредност на недвижниот имот од член 5 на овие критериуми се утврдува во пресметковни бодови по м2 функционална површина за зградите и другите градежни објекти и по м2 површина за земјишта, во зависност од видот на имотот и според основни и дополнителни елементи содржани во овие критериуми и во обрасците кои се составен дел на методологијата.

Член 7

Функционалната површина на еден стан во колективни станбени згради се пресметува како збир на подните корисни површини меѓу внатрешните ѕидови на собите и ходниците зголемено за 25% од површината на терасите, 50% од површината на балконите, 75% од површината на лоѓиите и 30% од површината на подрумот.

Функционалната површина на еден стан во колективна станбена зграда која се наоѓа на поткровје претставува збирот на подните корисни површини меѓу внатрешните ѕидови на собите и ходниците, зголемено за 25% од површината на терасите, 50% од површината на балконите, 75% од површината на лоѓиите и 30% од површината на подрумот.

Функционалната површина на индивидуална станбена зграда (куќа) се пресметува како збир на подните корисни површини меѓу внатрешните ѕидови на собите, ходниците и другите простории, зголемено за 25% од површината на терасите, 50% од површината на балконите, 75% од површината на лоѓиите.

Функционалната површина на еден стан во индивидуална станбена зграда (куќа) која се наоѓа на поткровје преставува збир на подните корисни површини меѓу внатрешните ѕидови на собите и ходниците, зголемено за 25% од површината на терасите, 50% од површината на балконите, 75% од површината на лоѓиите.

Функционалната површина на подрум и сутерен во индивидуална станбена зграда (куќа) се пресметува како збир на подните корисни површини меѓу внатрешните ѕидови.

Функционалната површина се определува според соодветна документација а ако таква не постои со мерење.

Член 8

Критериумите за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот за општина Јегуновце влегуваат во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце.

Бр.08-183/9
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за трансферирање на средства-субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце,Јегуновце за 2023 год.

Се прогласува Одлуката за трансферирање на средства-субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце,Јегуновце за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/8
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на *Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на 30.01.2023 год.* донесе

О Д Л У К А
за трансферирање на средства-субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2023 година

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце ќе се трансферираат финансиски средства-субвенции за 2023 год. на ставка 461130-Програми А0 и Ј1 и ставка 464990-Програма А0.

Финансиските средствата ќе се трансферираат на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце во 2023 год. во зависност од финансиските можности на општината и потребите на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце.

Член 2

Средствата што ќе се трансферираат врз основа на оваа Одлука се неповратни за покривање на расходи за тековно одржување, субвенционирање, комунални услуги и други расходи, и истите јавното претпријатије ќе ги користи рационално и економично за нормално функционирање на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, по претходно доставено барање за одобрување на финансиски средства.

Член 3

Средства од Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год. ќе се трансферираат на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце на жиро-сметка бр.290 00000 24040-02, ЕДБ 4055021501658, депонент ТТК Банка АД Скопје.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-183/10
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлуката за давање на користење на половни патнички моторни возила Лада Нива,Шкода Фелиција,Мини багер,Голем багер,Камион-патар и Камион Кипер на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце,Јегуновце за 2023 год.

Се прогласува Одлуката за за давање на користење на половни патнички моторни возила Лада Нива,Шкода Фелиција,Мини багер,Голем багер,Камион-патар и Камион Кипер на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце,Јегуновце за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/9
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год. донесе

О Д Л У К А

За давање на користење на половни патнички моторни возила Лада Нива, Шкода Фелиција, Мини багер, Голем багер, Камион-патар и Камион кипер на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Јегуновце половните моторни возила и тоа: марка Лада Нива година на производтство 2008 год., со број на шасија ХТА21214081886778, и регистарски таблици ТЕ-4581 АБ, Шкода Фелиција со рег.бр.ТЕ-449 БС, година на производство 2001, со бр.на шасија ТМВЕНН61317357044, Мини багер со шифра 7ЈЊ8632, Голем багер со број на шасија JCB3CX4TL71331714, и рег.бр.ТЕ-8639 АН година на производство 2009, Камион-патар со број на шасија WDB9062131N409841, година на производство 2008, Товарно возило камион кипер со број на шасија WDB9321411L282154, година на произвоство 2007, со рег.бр.ТЕ 5239 АІ ги дава на користење на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце.

Член 2

Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце се задолжува да ги одржува моторни возила од член 1 на оваа Одлука, да врши редовен сервис со промена на резервни делови, навремен технички преглед, осигурување од штети и регистрација.

Трошоците за одржување и гориво ќе бидат на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр.08-183/11
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Критериумите за распределба на блок дотации за основно образование по училишта на територија на општина Јегуновце за 2023 год.

Се прогласува Критериумите за распределба на блок дотации за основно образование по училишта на територија на општина Јегуновце за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/10
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ„ бр.161/2019, 229/2020) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„ бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год. донесе

КРИТЕРИУМИ

За распределба на блок дотациите за основно образование по училишта на територија на општина Јегуновце за 2023 год.

Член 1

Распределбата на блок дотациите за основно образование на општински основни училишта на територија на општина Јегуновце за 2023 год. се врши според следните критериуми:

Број на вработени
Број на ученици
Број на паралелки
Број на подрачни училишта и
Планираните тековни годинишни расходи

Член 2

Овие Критериуми влегуваат во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-183/12
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Програмата за изработка на урбанистички планови за населените места на подрачјето во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места за 2023 год.

Се прогласува Програмата за изработка на урбанистички планови за населените места на подрачјето во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/11
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 40, став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ„ бр.32/2020) , член 22 став 1 точка 1, член 50 став 1 точка 6 член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), на предлог на градоначалникот на Општина Јегуновце, Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год., донесе,

П Р О Г Р А М А
за изработка на урбанистички планови за населените места на подрачјето во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места за 2023

Член 1

Основа за изработка на урбанистички планови за населените места на подрачјетво во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места е Просторниот план на Р.Македонија, важечките детални урбанистички планови на општина Јегуновце, урбанистичките планови вон населено место.

Член 2

Со локалната урбанистички планови за населените места на подрачјетво во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места може да се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување на просторот во рамките на формирана градежна парцела, за градби утврдени со Закон како градби од втора категорија, а заради реализација на инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

Урбанистички планови за населените места на подрачјето во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места се одобрува да се изработи за населените места кои припаѓаат на општина Јегуновце и тоа за следниве: Јегуновце, Вратница, Подбреѓе, Шемшово, Жилче, Прељубиште, Сиричино, Копанце, Раотинце, Туденце, Јанчиште, Ратае, Беловиште, Старо Село, Рогачево, Јажинце и Орашје.

Член 4

Со изработка на урбанистички планови за населените места на подрачјетво во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места ќе се опфатат сите катастарски парцели наведени во катастарската општина во точка 3 на оваа програма, каде што ќе има услови утврдени во законските и подзаконските акти од сверата на урбанизмот, градежништвото, градежното земјиште, сопственоста, сообраќајот и патиштата.

При изработка и одобрување на урбанистички планови за населените места на подрачјетво во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места да се респектира сопственичкото право на соседните катастарски парцели кои се граничат со катастарската парцела која е предмет на изработка и одобрувањето на локална урбанистичка планска документација

Член 5

Изработката на урбанистички планови за населените места на подрачјетво во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места за катастарските парцели опфатени во графичкиот дел-заверени катастарски подлоги од член 3, ќе се решаваат во управна постапка за секоја катастарска парцела поединечно, по барање на правни и физички лица, со приложување кон барањето правното дело за стекнување правото на сопственост, копие од катастарски план и имотен лист.

За постапките од став 1 на овој член ќе се решаваат согласно одредбите на Законот за општа управна постапка.

Член 6

Урбанистички планови за населените места на подрачјетво во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места која го уредува просторот во границите на планските опфати се изработува врз основа на извод од урбанистички план.

Член 7

Урбанистички планови за населените места на подрачјетво во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места вон границите на планскиот опфат се изработува врз основа на извод од просторен план односно условите за планирање издадени од државниот орган, потоа согласноста за пренамена на земјоделско во градежно земјиште прибавено од надлежното Министерство за земјоделие и реализиран пристапен пат до катастарска парцела.

Член 8

Општина Јегуновце ќе ги финансира урбанистичките планови за населените места на подрачјетво во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места за објектите од интерес за Општината.

Член 9

Изработката на урбанистички планови за населените места на подрачјетво во општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места може да се финансира и од физички и правни лица доколку се тие нарачатели на изработката на планската документација.

Член 10

Градоначалникот на Општина Јегуновце ја спроведува оваа Програма.

Член 11

Примерок од оваа Програма се доставува до органот на државната управа надлежна за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Член 12

Програмата влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Јегуновце„

Бр.08-183/13
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Програмата за изработка на урбанистички проекти во општина Јегуновце за 2023 год.

Се прогласува Програмата за изработка на урбанистички проекти во општина Јегуновце за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/12
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 39,40, 41 и 42 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ„ бр.32/2020), член 22, 50 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), на предлог на градоначалникот на Општина Јегуновце, Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год., донесе,

П Р О Г Р А М А
за изработка на урбанистички проекти во општина Јегуновце за 2023 год.

Член 1

Урбанистички проект е планско-проктна документација што се изработува врз основа на урбанистички планови од член 10 став 1, точка 5 на овој закон (ДУП, УПС, УПВНМ, Државни) и служи за нивна разработка и спроведување.

Со урбанистичкиот проект се врши детално разработување на градежни парцели и на градежното земјиште за општа употреба за кои во урбанистичкикте планови не се дадени детални одредби за градење и уредување на земјиштето.

Член 2

Во зависност од видот и намената на градежното земјште и градбите што се предмет на разработка урбанистичкиот проект може да биде:

1. Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште,
2. Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба,
3. Урбанистички проект за градежно земјиште со кое се врши урбанистичко-архитектонска градежна или техничко-технлошка, планско-проектна разработка на градежни парцели или на катастарски парцели;
4. Урбанистички проект за инфраструктура;
5. Урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село од член 14 став (2) точка 2 и 3 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ„ бр.32/2020)

Член 3

По исклучок од претходните случаи, урбанистички проект може да се изработи и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локални значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за кои што не постојат услови и /или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно предметниот закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот, проектна програма одобрена од надлежниот орган, мислење од државните органи, институции, установи и правни лица.

Член 4

При изработка и одобрување на урбанистички проект, да се почитува сопственичкото право на соседните катастарски парцели кои се граничат со катастарската парцела (парцели) која е предмет на изработка и одобрувањето на истиот.

Член 5

Урбанистички проекти можат да изработуваат правни лица со лиценца за изработување на урбанистички планови согласно членот 68 од предметниот закон и правни лица кои ги исполнуваат пропишаните услови за вршење на дејноста проектирање.

Член 6

Постапката за изработување на Урбанистичкиот проект започнува на иницијатива на државниот орган, единицата на локална самоуправа или правно лице кое е надлежно за реализација на планот и изградба на планираните градби, физичкото или правното лице кое е учесник во изградбата на планираните градби како и инвеститор согласно со Законот за градење.

Член 7

Иницијаторот на претходниот член ја финансира изработката на урбанистички проект, а по неговата изработка ја финансира изработката на стручната ревизија.

Член 8

Општина Јегуновце од Буџетот на општината ќе ги финансира урбанистичките проекти што се од интерес на општината.

Член 9

Градоначалникот на Општина Јегуновце ја спроведува оваа Програма.

Член 10

Примерок од оваа Програма се доставува до органот на државната управа надлежна за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Оваа Програма се објавува во „Службен гласник на општина Јегуновце„ а во електронска форма и во информацискиот систем „е-урбанизам„

Член 11

Програмата влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Јегуновце„

Бр.08-183/14
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Јегуновце за 2023 год.

Се прогласува Програмата за за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Јегуновце за 2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/13
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (службен весник на Р.М. бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и службен весник на Р.С.М. бр. 275/19), по предлог на Градоначалиикот, Советот на Општина Јегуновце на 19-та седница одржана на ден 30.01.2023 година, донесе

Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Јегуновце за 2023 година

Член 1

Вовед
- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Законски основ
- Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

Член 2

1. Цели на програмата:
- Општи цели на програмата;
- Конкретни цели на програмата на населени места, урбани блокови и локалитети.
2. Обем и преглед на градежното земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план):
- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место / локалитет;
- Графички прилог со одбележени градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место / локалитет;
3. Детален преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност):
- Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓувањето по пат на јавно наддавање;
- Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање;
- Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање;
- Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство.
4. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа програма:
- Дефинирање на целна група за одделни групи на градежни парцели;
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали;
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементацијата на маркетинг стратегијата;
- Лица задолжени за имплементацијата на маркетинг стратегијата.

Член 3

Динамика на реализација на Програмата:

- Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси;
- Пропишување на условите за наддавање;
- Лица надлежни за реализација на Програмата.

Член 4

Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на програмата);

Проценка на финансиските средства потребни за реализација на програмата (расходна страна на Програмата) Преодни и завршни одредби.

Член 5

Вовед:

- Општ дел;
- Со донесување на Закон за градежно земјиште (службен весник на Р.М. бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и службен весник на Р.С.М. бр. 275/19) градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица;
- Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски;
- Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето;
- Одлука за стекнување на сопственоста на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот;
- Сопственоста на општините им ги овожможува следните права: градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и оттуѓување на градежното земјиште. Со градежното земјиште земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија;
- Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје
- Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините;
- Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината;
- Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес;
- Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено;
- Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела;
- Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура;

- Градежното земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација;
- Градежната парцела е дел од градежното земјиште чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели;
- Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение за градење) и заведен во јавните книги на недвижности;
- Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистичкиот план или урбанистичко планска документација;
- Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне солственост на градежното земјиште;
- Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации на комунална инфраструктура;
- Прометот со градежно земјиште е слободен;
- Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или востановаат други стварни права.

Член 6

1. Просторен опфат и предмет на Програмата:
- Предмет на програмата е менаџирање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на општина Јегуновце, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарската 2023 година;
- Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистички планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење;
- Во текот на Годишната програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територииите на следните населени места: Подбреѓе;
- Градежните парцели во населено место Подбреѓе што е предмет на ова програма е опфатено со Урбанистички план за село Подбреѓе со разработка на блок 5, 7 и 9, општина Јегуновце, усвоен со Одлука бр. 07-1470/4 од 24.09.2014 година од Совет на општина Јегуновце.

Член 7

Основи за изработка на Програмата

1. Законски основ:
- Законски основ на Програмата за управување со градежно земјиште се: Законот за локална самоуправа (службен весник на Р.М. бр. 05/02), Законот за градежно земјиште (службен весник на Р.М. бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и службен весник на Р.С.М. бр. 275/19) и Статутот на општина Јегуновце.

2. Основни плански документи:
- Програма за изработка на урбанистички планови на Јегуновце за 2023 година;
- Територијалниот опфат на општина Јегуновце е составен од 17 населени места. Со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот како и заштита и

унапредување на животната средина и природата за 2023 година се планирани изработка на урбанистички планови за село за кои постојат општи акти за село, додека за надвор од планските опфати за сите населени места е предвидена изработка на урбанистички планови вон населено место и урбанистички проекти;
- Со урбанистички проекти може да се изврши уредување и користење на просторот согласно Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20).

Член 8

Лица вклучени во изработка на Програмата:
- Дарко Спасоски, дипломиран економист;
- Стојанче Антовски, дипломиран по јавна администрација;
- Младенчо Јовановски, геодетски техничар;
- Јана Серафимовска, дипломиран инженер архитект.

Член 9

ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА

1. Општи цели на Програмата:
- Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината преку правење просторни услови за развој;
- Конкретни цели на програмата по населени места, урбани блокови и локалитети;
- Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени објекти за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место / локалитет, користење на локални ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење и др.

Член 10

Обем и преглед на градежното земјиште што е предмет на програмата:
- Градежните парцели во населено место Подбреѓе што е предмет на ова програма е опфатено со Урбанистички план за село Подбреѓе со разработка на блок 5, 7 и 9, општина Јегуновце, усвоен со Одлука бр. 07-1470/4 од 24.09.2014 година од Совет на општина Јегуновце.

Член 11

- Реализацијата на Урбанистичкиот план за село Подбреѓе со разработка на блок 5, 7 и 9, општина Јегуновце ќе бидат во функција на потикнување на економскиот развој со нови инвестиции и вработувања, под услов максимално да се почитуваат законските обврски за заштита на животната средина и примена на принципите на одржлив развој;
- Големината на планскиот опфат за блок 5 во с. Подбреѓе изнесува 53732 м2;
- Големината на планскиот опфат за блок 7 во с. Подбреѓе изнесува 27694 м2;
- Големината на планскиот опфат за блок 9 во с. Подбреѓе изнесува 7992 м2;
- Причината за изработката на планот е решавање на парцелација на просторот и градбите согласно постојната состојба, осовременување на дел од постоечките објекти, како и порационално искористување и уредување на просторот и

сообраќајот внатре во блоковите и интерполирање на нови содржини кои ги наметна времето, а во склад со законските прописи за урбанизација на просторот;


– Овој простор со другите делови на државата се поврзува преку регионалниот пат Р2242 – Желино (врска со А2) – Јегуновце (врска со 2234).

Член 12

Детален преглед на градежни парцели -

А) Градежни парцели (графички прилог М=1:1000) што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно наддавање со соодветни табели и потребни информации: Урбанистички план за село Подбреѓе со разработка на блок 5, општина Јегуновце, усвоен со Одлука бр. 07-1470/4 од 24.09.2014 година од Совет на општина Јегуновце.

Графички прилог – Блок 5




Табела со нумерички показатели за градежни парцели во Блок 5

Број на парцела	Површина на парцела	Површина за градба $м^2$	Бруто разв. корис. повр.	Вис. на објект до венец	катност	Намена на објекти	компатиб. намени	процент на компат. намени	Бр. на потр. паркинг м.
1	3467	1848	3696	10.20	П + 1	Г2,Г3,Г4	Б1,Б2,Г3,Г4,Д2	30%	37
2	3140	2003	4006	10.20	П + 1	Г2,Г3,Г4	Б1,Б2,Г3,Г4,Д2	30%	40
3	3842	2688	5376	10.20	П + 1	Г2,Г3,Г4	Б1,Б2,Г3,Г4,Д2	30%	54
4	3641	2356	4712	10.20	П + 1	Г2,Г3,Г4	Б1,Б2,Г3,Г4,Д2	30%	47
5	4751	3229	6458	10.20	П + 1	Г2,Г3,Г4	Б1,Б2,Г3,Г4,Д2	30%	65
6	3677	2300	4600	10.20	П + 1	Г2,Г3,Г4	Б1,Б2,Г3,Г4,Д2	30%	46
7	4606	2876	5752	10.20	П + 1	Г2,Г3,Г4	Б1,Б2,Г3,Г4,Д2	30%	57
8	5747	3795	7590	10.20	П + 1	Г2,Г3,Г4	Б1,Б2,Г3,Г4,Д2	30%	76

Детален преглед на градежни парцели

А) Урбанистички план за село Подбреѓе со разработка на блок 7, општина Јегуновце, усвоен со Одлука бр. 07-1470/4 од 24.09.2014 година од Совет на општина Јегуновце.

Графички прилог – Блок 7




Табела со нумерички показатели за градежни парцели во Блок 7

Број на парцела	Површина на парцела	Површина за градба $м^2$	Бруто разв. корис. повр.	Вис. на објект до венец	катност	Намена на објекти	компатиб. намени	процент на компат. намени	Бр.на потр. паркинг м.
1	5315	1717	3434	10.20	П+1	Г2,Г3,Г4	Б1,Б2,Г3,Г4,Д2	30%	34

Детален преглед на градежни парцели

А) Урбанистички план за село Подбреѓе со разработка на блок 9, општина Јегуновце, усвоен со Одлука бр. 07-1470/4 од 24.09.2014 година од Совет на општина Јегуновце.

Графички прилог – Блок 9



Табела со нумерички показатели за градежни парцели во Блок 9

Број на парцела	Површина на парцела	Површина за градба м²	Бруто разв. корис. повр.	Вис. на објект до венец	катност	Намена на објекти	компатиб. намени	процент на компат. намени	Бр.на потр. паркинг м.
1	7993	4760	4760	4.50	П	Д3	А4,Б1,Б2,Б3,Б6,В3	40%	

Член 13

Маркетиинг стратегија за промоција за гредежното земјиште што е предмет на ова програма:

1. Дефинирање на целни групи за одделни групи за градежни парцели;

– Целна група за наменска зона А1 - домување во станбени куќи; млади брачни парови, граѓани со помала куповна моќ, граѓани со супстандардни услови за живење;
– Целна група за наменска зона Б5 - хотелски комплекс: домашни и странски инвеститори за изградба на големи угостителски единици;
– Целна група за наменска зона Г2 - лесна и незагадувачка индустрија: домашни и странски инвеститори за проширување на постојечки индустриски капацитети откупно дистрибутивни центри за производство и складирање;
– Целна група за наменска зона ГЗ - сервиси: домашни и странски инвеститори задржување и поправка на опрема и индустриски производи како што се сервиси за автомобили и други возила, машини, алати и инструменти, хемиско чистење и др;
– Целна група за наменска зона Г4 - стоваришта: домашни и странски инвеститори за складирање иа стока на отворен или затворен простор, во специални услови за чување, отпади, автопазари;

2. Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали Поставување, надградба и проширување на веб страната на општина Јегуновце, развивање на инфраструктура за информатичка технологија, интерактивна ВЕБ страница и интернет, изготвување и дистрибуцуја промотивен материјал, презентирање и лобирање на општината, медиумско презентирање на економски потенциали и ресурси на општина Јегуновце и сл.

Член 14

Динамика на реализација на програмата:

1. Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите, распределба на градежните парцели по турнуси;

– Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани за објавата на огласи за оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објаваат во турнуси;
– Секој турнус би опфатил објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредени населени места, урбани блокови или локалитети. Динамиката на реализација ќе се одвива во турнуси и тоа градежните парцели усвоени со Урбанистички план за село Подбреѓе со разработка на блок 5, 7 и 9, општина Јегуновце, усвоен со Одлука бр. 07-1470/4 од 24.09.2014 година од Совет на општина Јегуновце;

Член 15

1. Пропишување на условите за наддавање

– Јавното надавање е електронско со претходно дадена објава во два дневни весници кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик

различен од македонскиот јазик во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на чие подрачје се наоѓа градежното земјиште предмет на објавата, а излегува најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и објава во службен весник на Република Северна Македонија;

- Објавата опфаќа најмалку една половина од една страна на печатениот медиум;
- Комисијата е должна на денот на објавувањето на објавата во дневен весник, да ги објави податоците и целокупната документација за градежните парцели предмет на отуѓување на интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.
- Рокот за поднесување на пријава за учество на јавното наддавање не може да биде пократок од 20 календарски денови ниту подолг од 60 дена од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесување на пријави;
- Објавата за оттуѓување меѓу другото задолжително содржи податоци за:
  - Обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а депонираните средства на најповолниот понудувач нема да му бидат вратени и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела;
  - Рокот за прибавување на одобрение за градење, како и рокот за изградба на објектот е согласно Законот за градење (службен весник на Р.С.М. бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22);
  - Начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците во јавното наддавање, потребен број на учесници согласно со закон, минималниот чекор на зголемување на вредност по метар квадратен на градежното земјиште, дефинирањето на почетокот и крајот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, рокот за враќање на уплатениот депозит, обврската за исплата на данокот на промет, обврска за трошоци за солемнизација на договорот.

Член 16

1. Лица надлежни за реализација на програмата:
- Дарко Спасоски, дипломиран економист;
- Стојанче Антовски, дипломиран по јавна администрација;
- Младенчо Јовановски, геодетски техничар;
- Јана Серафимовска, дипломиран инженер архитект.

Член 17

1. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на програмата
- Финансиските приливи кои се очекуваат по основ на реализација – продажба на земјиштето се проценуваат на 10.730.000,00 денари (вредноста е ориентациона).

Член 18

1. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

- Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценети финансиски средства потребни за реализација на следните активности:
- Трошоци по основ на администрирање на постапки за оттуѓување (изработка на геодетски елаборати за нумерички податоци за земјиштето, објави за лититација и др.), трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на оттуѓувањето и др.

Член 19

1. Преодни и завршни одредби
- Програмата ја усвојува Советот на општината;
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува;
- За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината;
- Програмата влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Јегуновце".

Бр. _____
30.01.2023 година
Јегуновце

Совет на општина Јегуновце
Претседател
Валентина Манчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучок бр.08-183/16 од 30.01.2023 год.

Член 1

Се прогласува Заклучокот бр.08-183/16 од 30.01.2023г,. што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/14
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год., донесе

З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Јегуновце го поддржа предлогот барањата доставени од граѓаните на општина Јегуновце пред да се стават на дневен ред, надлежната комисија да излезе на лице место и да ја констатира фактичката состојба доколку тоа е потребно и да достави извештај до Советот.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр.08-183/16
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства

Член 1

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства,. што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/15
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год., го разгледа барањето од Раско Симјановски од с.Јанчиште и донесе,

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска помош

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Раско Симјановски од с.Јанчиште му се одобрува еднократна финансиска помош во износ од 20.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член се одобруваат како финансиска помош за санирање на штета причинета од пожар кој избувна на ден 09.10.2022 год. во куќата на Владан Симјановски во с.Јанчиште.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-183/17
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства

Член 1

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства,. што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.01.2023 год.

Бр. 09-225/16
01.02.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на деветнаесетата седница одржана на ден 30.01.2023 год., го разгледа барањето од Раско Симјановски од с.Јанчиште и донесе,

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска помош

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Раско Симјановски од с.Јанчиште му се одобрува еднократна финансиска помош во износ од 20.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член се одобруваат како финансиска помош за санирање на штета причинета од пожар кој избувна на ден 09.10.2022 год. во неговата плевна во с.Јанчиште.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-183/18
30.01.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалнаа самоуправа ("Сл.весник на РМ,, бр.5/02), а согласно член 118 став 5 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ,, бр.161/2019 и 229/20), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 03.01.2023 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување од функцијата вршител на должност директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница

1. Деан Трпески се разрешува од функцијата вршител на должност директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница заклучно со 31.12.2022 год., поради истек на мандат за кој беше именуван.

2. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението од Градоначалникот на Општина Јегуновце за именување вршител на должност директор бр.09-1075/1 од 01.07.2022 г.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

О б р а з л о ж е н и е

Деан Трпески со Решение на Градоначалникот на Општина Јегуновце бр.09-1075/1 од 01.07.2022 г. беше именуван за вршител на должност директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница, со мандат од 6 месеци.

На Деан Трпески вршител на должност директор на ООУ„Симче Настовски„ од с.Вратница му престанува функцијата вршител на должност директор заклучно со 31.12.2022 г., поради истекот на мандатот за кој беше именуван и истиот ќе биде распореди на работно место на кое бил распореден пред да биде именуван за вршител на должност директор.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка и посапка од работен однос во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 118 став 1 и 4 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ бр.161/2019 и 229/20), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 03.01.2023 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување вршител на должност Директор во ООУ „ Симче Настовски„ од с.Вратница

1. Наташа Тофилоска родена на 25.05.1982 год. во Тетово, со место на живеење во с.Старо Село ул. 101 бр.бб, со ЕМБГ 2505982475009 со завршено ВСС-Педагошки факултет, вработена на неопределено време во ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница ПУ с.Старо Село на работно место наставник по Одделенска настава, се именува за вршител на должност директор во ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница.

2. Вршителот на должноста од точка 1 на ова Решение ќе ги врши работите во непрекинато траење почнувајќи од 01.01.2023 г. до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување, а за тој временски период работното место ќе и мирува.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 01.01.2023 год., а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

О б р а з л о ж е н и е

Од редот на вработените во ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница ПУ с.Старо Село, Наташа Тофилоска вработена на неопределено време на работно место наставник по одделенска настава, се именува за вршител на должност директор во ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во непрекинато траење почнувајќи од 01.01.2023 год. до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување, а за тој временски период работното место ќе и мирува.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесеувањто а ќе се применува од 01.01.2023 год.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Второстепената комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 12 став 12 и 13 од Законот за библиотеките ("Сл.весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15, 39/16 и Сл.весник на РСМ бр. 122/21), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 03.01.2023 год., донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување вршител на должност Директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце

1. Весна Јованоска се разрешува од должноста вршител на должност Директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце заклучно со 31.12.2022 год., поради истек на мандат.

2. Лицето од точка 1 на ова Решение беше именувано за вршител на должноста директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце во периодот од 01.07.2022 до 31.12.2022 год.

3. Со денот на влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението бр.09-1063/1 од 30.06.2022 г.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 12 став 12 и 13 од Законот за библиотеките ("Сл.весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15, 39/16 и Сл.весник на РСМ бр. 122/21), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 03.01.2023 год., донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

за продолжување на мандатот за в.д. директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце

1. На Весна Јованоска родена на 17.06.1971 год. во Тетово, со место на живеење во Тетово ул.Борис Кидрич бр.70 Тетово, со ЕМБГ 1706971475041 ВСС - филозофија, именуван за в.д. Директор со Решение бр.09-1063/2 од 30.06.2022 год. му се продолжува мандатот за вршител на должноста директор на Јавната локална установа библиотека Светлина -Drita с.Прељубиште -Јегуновце, за период од 6 месеци од 01.01.2023 год. до 30.06.2023 год., почнувајќи од 01.01.2023 год.

2. Вршителот на должноста директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце ќе ги врши работите до именување на нов директор но не подолго од шест месеци од денот на продолжувањето на мандатот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалнаа самоуправа ("Сл.весник на РМ,, бр.5/02), а согласно член 118 став 3 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ,, бр.161/2019 и 229/20), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 12.01.2023 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување од функцијата вршител на должност директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница

1. Наташа Тофилоска родена на 25.05.1982 год. во Тетово, со место на живеење во с.Старо Село ул. 101 бр.бб, со ЕМБГ 2505982475009, се разрешува од функцијата вршител на должност директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница заклучно со 12.01.2023 год., поради поднесена неотповиклива оставка.

2. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението од Градоначалникот на Општина Јегуновце за именување вршител на должност директор бр.09-3/1 од 03.01.2023 г.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

О б р а з л о ж е н и е

Наташа Тофилоска со Решение на Градоначалникот на Општина Јегуновце бр.09-3/1 од 03.01.2023 г. беше именувана за вршител на должност директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница, со мандат од 6 месеци.

На Наташа Тофилоска вршител на должност директор на ООУ„Симче Настовски„ од с.Вратница и престанува функцијата вршител на должност директор заклучно со 12.01.2023 г., поради поднесена неотповиклива оставка и истата ќе биде распоредена на работно место на кое била распоредена пред да биде именувана за вршител на должност директор.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Јегуновце до Државната комисија за одлучување во управна постапка и посапка од работен однос во втор степен.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 118 став 1 и 4 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ бр.161/2019 и 229/20), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 12.01.2023 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување вршител на должност Директор во ООУ „ Симче Настовски„ од с.Вратница

1. Деан Трпески родена на 09.02.1982 год. во Тетово, со место на живеење во с.Жилче ул. 103 бр.бб, со ЕМБГ 0902982470025 со завршено ВСС-Филолошки факултет, вработен на неопределено време во ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница ПУ с.Јажинце на работно место наставник по Македонски јазик во албански паралелки, се именува за вршител на должност директор во ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница.

2. Вршителот на должноста од точка 1 на ова Решение ќе ги врши работите во непрекинато траење почнувајќи од 13.01.2023 г. до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување, а за тој временски период работното место ќе му мирува.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 13.01.2023 год., а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

О б р а з л о ж е н и е

Од редот на вработените во ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница ПУ с.Јажинце, Деан Трпески вработен на неопределено време на работно место наставник по Македонски јазик во албански паралелки, се именува за вршител на должност директор во ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во непрекинато траење почнувајќи од 13.01.2023 год. до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување, а за тој временски период работното место ќе му мирува.

Од погоренаведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението влегува во сила со денот на донесеувањто а ќе се применува од 13.01.2023 год.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Второстепената комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 год..... 1

2. Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г. 2

3. Решение за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г..... 3

4. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г..... 4

5. Решение за прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г..... 5

6. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г..... 6

7. Решение за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на Планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г..... 7

8. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на Планот и програми за развој на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г.... 8

9. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на буџетот на Општина Јегуновце за IV квартал 2022 год. 9

10. Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на буџетот на Општина Јегуновце за IV квартал 2022 год. 10

11. Решение за прогласување на Одлука за Програмата за работа на Советот на Општина Јегуновце за 2023година..... 11

12. Програма за работа на Советот на Општина Јегуновце за 2023 г. 12

13. Решение за прогласување на Критериумите за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Јегуновце за 2023 г..... 16

14. Критериуми за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Јегуновце за 2023 г..... 17

15. Решение за прогласување на Одлука за трансферирање на средства - субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2023 година..... 20

16. Одлука за трансферирање на средства -субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2023 година..... 21

17. Решение за прогласување на Одлука за давање на користење на половни патнички моторни возила Лада Нива, Шкода Фелиција, Мини багер, Голем багер, Камион-патар и Камион кипер на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце 22

18. Одлука за давање на користење на половни патнички моторни возила Лада Нива, Шкода Фелиција, Мини багер, Голем багер, Камион-патар и Камион кипер на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце 23

19. Решение за прогласување на Критериуми за распределба на блок дотациите за основно образование по училишта на територија на општина Јегуновце за 2023 год..... 24

20. Критериуми за распределба на блок дотациите за основно образование по училишта на територија на општина Јегуновце за 2023 год..... 25

21. Решение за прогласување на Програмата за изработка на урбанистички планови за населените места на подрачјето на Општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места за 2023 год 26

22. Програма за изработка на урбанистички планови за населените места на подрачјето на Општина Јегуновце и урбанистички планови вон населените места за 2023 год. 27

23. Решение за прогласување на Програмата за изработка на урбанистички проекти во Општина Јегуновце за 2023 год. 29

24. Програма за изработка на урбанистички проекти во Општина Јегуновце за 2023 год..... 30

25. Решение за прогласување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Јегуновце за 2023 год..... 32

26. Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Јегуновце за 2023 год..... 33

27. Решение за прогласување на Заклучок бр.08-183/16 од 30.01.2023 год. 45

28. Заклучок бр.08-183/16 од 30.01.2023 год. 46

29. Решение за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства..... 47

30. Одлука за одобрување на финансиска помош 48

31. Решение за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства..... 49

32. Одлука за одобрување на финансиска помош 50

33. Решение за разрешување од функцијата вршител на должност директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница 51

34. Решение за именување вршител на должност Директор во ООУ „ Симче Настовски„ од с.Вратница 52

35. Решение за разрешување вршител на должност Директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце..... 53

36. Решение за продолжување на мандатот за в.д. директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште-Јегуновце 54

37. Решение за разрешување од функцијата вршител на должност директор на ООУ „Симче Настовски„ од с.Вратница 55

38. Решение за именување вршител на должност Директор во ООУ „ Симче Настовски„ од с.Вратница 56